ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-146/8**

**Дата: 29.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст МТСП) – средства од Буџетот на РМ - сметка од редовно работење, за 2008 година, кои се прикажани на страните 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика – средства од Буџетот на РМ сметка од редовно работење за 2005 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Љупчо Мешков, министер, од 31.08.2006 до 26.07.2008 година
    - Џељаљ Бајрами, министер од 31.07.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03.2009 до 03.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1 Систем на интерни контроли

10.1.1. Воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на исплата на средства до Агенцијата за вработување (АВРМ) за лица кои го прекинале работниот однос согласно Законот за материјално обезбедување на невработените со приватизацијата на претпријатијата со доминантна државна сопственост во периодот од 2000 до 2004 година, не функционира во целост. Во месец октомври 2008 година, министерството има донесено интерна процедура и формирано Комисија за контрола на трансферот на средства до Агенција за вработување, но нема извршено проверка на законскиот основ, целосноста и веродостојноста на документацијата во барањата за исплата. Неспроведените контроли од страна на Комисијата создаваат ризик да се вршат исплати и на лица на кои не им следува паричен надоместок по овој основ, што подразбира незаконско и ненаменско користење на буџетски средства.

10.1.2. Спротивно на Законот за работни односи, во МТСП електронскиот систем за евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа на вработените иако е поставен, истиот не функционира. Поради одредени софтверски проблеми наместо електронски месечни листи за редовност на секој вработен, присуството на работа се води рачно, на прегледи од страна на одговорните лица. Ваквата евиденција, не обезбедува уверување дека исплатените плати се резултат на реално одработените часови (времето на доаѓање и заминување од работа, отсуства во текот на работното време по разни основи, и прекувремени часови).

**Препораки:**

1. Комисијата за контрола на трансферот на средствата на АВРМ да врши редовни контроли на поднесените барања и доставените прегледи и да изготвува периодични извештаи за извршените контроли.

2. Одговорните лица во министерството да преземат активности за целосно функционирање на системот на електронска евиденција и врз податоците од месечните електронски листи за редовност да се врши пресметка и исплата на плата за секој вработен.

### 10.2 Неправилна примена на акти

10.2.1. Спротивно на Законот за државните службеници и Законот за буџетите, во текот на 2008 година, од страна на министерот донесени се решенија за унапредување на државни службеници за кои нема доставено барање до Агенцијата за државни службеници, нема објавено јавен оглас и нема согласност од Министерството за финансии. Поради необезбедените финансиски средства, прераспределените државни службеници немаат добиено решение за плата согласно новото работно место, во Регистарот за државни службеници се евидентирани со звање на старото работно место, а ги извршуваат должностите и надлежностите од двете работни места.

**Препорака:**

1. Министерот да ги поништи новоиздадените решенија на вработените до создавање на услови за нивна законска важност.

### 10.3 Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.3.1. Набавените материјали во 2008 година не се сметководствено евидентираат преку сметките за залихи на материјали и останат капитал ниту има лице задолжено да врши материјално задолжување и раздолжување на истите, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради овие причини, ревизијата не беше во можност да го квантификува вистинскиот износ на позицијата Залихи и останат капитал од Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година, а непостоењето на материјална евиденција на материјалите создава ризик од ненаменско користење на истите.

**Препорака:**

1. Одговорниот сметководител да воведе сметководствена евиденција на залихите на материјали, преку соодветните сметки од сметковниот план, а министерот да одреди лице кое ќе биде одговорно за материјално задолжување и раздолжување на истите.

### 10.4 Неправилности во искажувањето на билансните позиции

10.4.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, вредноста на недвижниот имот на МТСП не е сметководствено евидентирана на позицијата - Материјални средства. Причина за ваквата состојба е што за овие објекти нема обезбедено доказ за сопственост – имотен лист ниту утврдено вредност иако одговорните лица во министерството имаат превземено активности пред надлежните институции за надминување на овој проблем. Неевидентираната вредност на градежните објекти има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите на материјални средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година.

10.4.2. Кај вработените во МТСП забележана е појава на ненавремено раздолжување на авансите по основ на службени патувања во странство. Дел од вработените не го почитуваат законски предвидениот рок, доцнат и по неколку месеци, а во меѓувреме се задолжуваат со аванси за друго службено патување. Несовесното постапување на дел од вработените е спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите им се признаваат во тековни трошоци и овозможува времено финансирање на поединци на подолг рок.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во министерството да остварат дополнителни контакти со надлежните институции за забрзување на постапката за добивање имотни листи и утврдување на вредноста на целокупниот недвижен имот, а потоа истата сметководствено да се евидентира.
2. Одговорните лица во министерството да воспостават поефикасен начин за наплата на побарувањата од вработените по основ на дадени аванси.

## 10.5 Незаконско и ненаменско користење на средствата

10.5.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, на вработените во министерството по основ на учество во Комисии и работни групи ненаменски и незаконски им се исплатени средства во вкупен износ од 1.880 илјади денари. Комисиите и работните групи се формирани со решение на министерот од надворешни и внатрешни членови на министерството за:

- Подготовка на предлог текст за нов закон за социјална заштита, социјална сигурност и соработка со здруженија на граѓани;
- Поддршка на процесот на имплементација на јавна едукативна кампања;
- Подобрување на информатичкото и финансиското работење на центрите за социјална работа;
- Активности на координативно тело за имплементација на стратегија за заштита од семејно насилство и
- Комисија за изработка на пишани интерни процедури.

Согласно актот за систематизација, активностите на комисиите претставуваат редовни работни обврски, а исплатата на надоместоците на членовите не е утврдена во законската регулатива ниту постои интерен акт - правилник за критериумите и параметрите за одредување на висината на исплата. Поради тоа месечниот надоместок се движи од 2 до 20 илјади денари по член, а го определува министерот брз основа на своја проценка.

10.5.2. Како резултат на невоспоставените контроли во процедурата за исплата на патни и дневни трошоци за патување во странство, во 2008 година, за дел од расходите за службените патувања во странство констатирани се одредени недоследности и тоа:

- Направени се издатоци за сместување во хотели со категорија од 5 ѕвездички за што се исплатени средства во износ од 163 илјади денари;
- При патувањата во странство вработените често користат екстра луксузни соби во хотели со 4 ѕвездички чија цена е двојно повисока од цената за стандардни соби;

- Лице кое е привремено вработено, без основ е упатено на службен пат во странство, за што се направени расходи во износ од 152 илјади денари.

Признавањето на горенаведените расходи е спротивно на Законот за извршување на Буџетот на РМ и Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци а има за ефект незаконско и ненаменско користење на буџетски средства.

**Препораки:**

1. Да се напушти праксата на исплата на надоместоци на вработените во министерството за учество во комисии и тела, а за надворешните членови надоместокот да се регулира со соодветен законски или подзаконски акт, врз основа на утврдени критериуми.
2. Да се одреди одговорно лице кое ќе врши контрола на изборот на хотелите согласно важечките законските прописи.

## 10.6 Неправилна примена на Законот за јавни набавки

10.6.1. За преведувачки услуги, по спроведена постапка за јавна набавка, министерството склучило Рамковна спогодба со три избрани понудувачи во која договорило склучување на поединечни договори со истите на вкупен износ до 1.000 илјади денари и рамномерно користење на услугите согласно утврдените критериуми и доставените понуди. Меѓутоа, поединечните договори се склучени и реализирани на вредности кои се различни од оние прикажани во известувањето доставено до Бирото за јавни набавки во кое е наведено дека истите се склучени на еднакви износи по носител на набавката (по 333 илјади денари).

10.6.2. Министерството не доставило известувања за склучени договори до Бирото за јавни набавки за постапки спроведени со преговарање со и без објавување на оглас како и за дел од постапките спроведени со објавување на оглас. Недоставувањето на известувања за сите видови постапки е спротивно на Законот за јавни набавки и не обезбедува целосна евиденција на истите.

10.6.3. Министерството, врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-3759/1 од 28.03.2008 спровело постапка со преговарање без објавување на оглас за организирање на манифестација по повод Меѓународниот ден на Ромите-8 април, во износ од 799 илјади денари. Одлуката за набавка ја донел заменик министерот по овластување на министерот бр.05-5380/1 од 09.05.2008 година, кое е потпишано по донесувањето на Одлуката за јавна набавка и Одлуката за избор од 04.04.2008 година.

10.6.4. Министерството спровело постапка за јавна набавка во износ од 371 илјади денари за преведувачки услуги со постапка со прибирање понуди без објавување на оглас согласно Одлука за јавна набавка од 06.11.2008 година, но пред да се изврши дополнување на планот за јавни набавки, имајќи предвид дека истиот е дополнет на 17.11.2008 година.

10.6.5. Министерството извршило набавки во вкупен износ од 834 илјади денари по договори склучени од претходни години (2003, 2004 и 2006 година), за следните услуги:

- по Договор бр.05-5001/3 од 30.12.2004 година за превентивно, интервентно и адаптивно одржување на програмите производ на Извршителот. Договорот е склучен со важност од една година и со

клаузула автоматски да се продолжува секоја наредна година доколку една страна не го раскине. Со Анекс договор бр. 05-1283/1 од 14.02.2006 година услугата се плаќа месечно, за која во 2008 година се исплатени вкупно 175 илјади денари,

- За пристап на Интернет мрежа и други компјутерски услуги, по договор бр.05-171 од 14.07.2003 година со месечен надомест за одржување за што во 2008 година се исплатени вкупно 498 илјади денари. Договорот е склучен со важност од една година и со клаузула автоматски да се продолжува секоја наредна година доколку една страна не го раскине.
- За редовно постгаранциско одржување на апликативен софтвер Информационен систем на РМ за прашања на борците и воените инвалиди, одржување на апликацијата Архивско работење во архивите на министерството и Секторот за детска заштита, по договор бр. 05-1550/3 од 25.04.2006 година. Договорот е склучен со важност од една година. Договорот е продолжуван со два Анекс договори бр. 05-6273/1 од 01.06.2007 и бр.05-5075/1 од 30.04.2008 година. Во 2008 за оваа услуга се исплатени вкупно 161 илјада денари.

**Препораки:**

1. Известувањата за вредноста на склучените договори министерството да ги доставува на вредности на кои истите се реално склучени.
2. Министерството да доставува известување до Бирото за јавни набавки и за склучените договори според постапки спроведени со преговарање со и без објавување на оглас заради нивно објавување на веб страницата.
3. Одлуката за јавна набавка и одлуката за избор да ја носат лица кои имаат добиено претходно овластување од министерот.
4. Министерството да не отпочнува активности за реализација на јавни набавки пред да изврши дополнување или измена на Годишниот план за јавни набавки.
5. Министерството, за услугите кои се предмет на договорите склучени од минати години да спроведе нови постапки за јавни набавки со избор на соодветен вид на постапка согласно новите решенија во Законот за јавни набавки (рамковна спогодба или постапка со преговарање).

11. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.3. и 10.4. Билансот на состојба на Министерството за труд и социјална политика – средства од Буџетот на РМ – сметка за редовно работење, ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31 Декември 2008 година**,** а резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Министерството за труд и социјална политика - средства од Буџетот на РМ – сметка од редовно работење, освен за наодите во точите 10.5 и 10.6 остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. **Прифатени и коригирани неправилности во текот на ревизијата**

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на министерството извршени се корекции на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства кои се намалени за вредноста на погрешно пресметаната ревалоризација во износ од 199 илјади денари.

Корекциите се спроведени во налог број 01-010 од 01.01.2009 година.

14. **Обелоденувања**

Министерството за труд и социјална политика, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка. Според прегледот доставен од Секторот за правни, нормативни, општи и заеднички работи ревизијата ја обелоденува следнава состојба:

1. Министерството е тужена странка во судски предмети по следниве основи:
   - 34 предмети од областа на работните спорови и тоа за поништување решение за престанок на работен однос, неисплатени плати и надоместоци:
   - 5 предмети за надомест на материјална и нематеријална штета на внатрешно раселените лица.
   - 41 судски спорови со правни лица по основ на неподмирени обврски, надомест на штета и др.
2. Министерството има поведено кривична постапка за 18 лица за кражби, злоупотреба на службена должност и сл.

15. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година.**

15.1. Во однос на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај за 2005 година, ревизијата констатира дека за наодите во точката 10.1.1 и 10.2.1 субјектот постапил по дадените препораки а по точката 10.2.1 не се превземени мерки по препораките на ревизијата.

Скопје, 29.07.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 326,261 | 244,714 |
| **Вкупно приходи** | **326,261** | **244,714** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 122,512 | 107,511 |
| Резерви и недефинирани расходи | 88 | 63 |
| Стоки и услуги | 68,566 | 50,572 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 126,645 | 10,961 |
| Субвенции и трансфери | 949 | 66,876 |
| **Вкупно тековни расходи** | **318,760** | **235,983** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 7,501 | 8,731 |
| **Вкупно капитални расходи** | **7,501** | **8,731** |
| **Вкупно расходи** | **326,261** | **244,714** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 245 | 245 |
| Побарувања од вработените | 29 | 69 |
| Активни временски разграничувања | 13,985 | 11,145 |
| **Вкупно тековни средства** | **14,259** | **11,459** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 20,469 | 19,431 |
| **Вкупно постојани средства** | **20,469** | **19,431** |
| **Вкупна актива** | **34,728** | **30,890** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,676 | 1,919 |
| Краткорочни финансиски обврски | 245 | 245 |
| Обврски спрема државата и други институции | 927 | 334 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 10,329 | 8,840 |
| Пасивни временски разграничувања | 82 | 121 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14,259** | **11,459** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 20,469 | 19,431 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **20,469** | **19,431** |
| **Вкупна пасива** | **34,728** | **30,890** |



*Овластен државен ревизор*

--------------------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **19,431** | **-** | **19,431** |
| **Зголемување по основ на:** | **7,169** | **-** | **7,169** |
| Набавки | 6,001 | - | **6,001** |
| Донации | 1,168 | | |
| **Намалување по основ на:** | **6,131** | **-** | **6,131** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 6,131 | | **6,131** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **20,469** | **-** | **20,469** |



***Овластен државен ревизор***

--------------------------------------